*makedonsko/Macedonian*

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ВЕЛЕЊЕ

**Велење** е млад, современ европски град, со модерна архитектура и пораст на меѓукултурната отвореност. Како плоштад првпат беше споменат во 13-ти век, а како град започна да расте по втората светска војна; 20-ти септември 1959 год. свечено беше отворен неговиот ново изграден градски центар. Денес Велење е градска општина која опфаќа 25 населби, во кои живеат приближно 33 иљјади луѓе; од кои во градот приближно 25 иљјади. Е еден од најважните економски центри во Словенија и центар за вработување, управен и образовен центар на савињско-шалешкиот регион. Столбовите на велењскиот економски развој се јаглен, енергетика, машинско преработувачка индустрија и специјализирани услуги; а во последен период и туризмот. Велењската уреденост и гостопримливост се веќе неколкупати наградени; во државни и меѓународни кругови. Природата во градот (надморска в. 390 м – Титов плоштад) и видлива и достапна секаде: во градските паркови, шумите, езерата, на шеталиштата, велосипедските и планинските патеки. За градскиот пулс значајно допринесуваат современо опремените спортски објекти, храмови на културата, музеите, образовните установи и бројните друштва, клубови и креативни поединци. Велење е познато по бројните спортски, рекреативни, туристички и културни предизвици. Тоа е град на музиката, танцот, поезијата, цветни идеи. Во историјата на Велење се запишани многу угледни имиња; од таму доаѓаат признати стопанственици, научници, уметници, спортисти, политичари и др. Велење е богат со културно историски споменици и природни знаменитости, пред сѐ со настани и луѓе кои пријатно ве поканауваат и со радост ве очекуваат. – *Добредојдовте во Велење, стари и нови пријатели!*

© UVKF/Velenika/Leemeta